Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 04-1524/1
28.07. 2026 год.
ОБЛЕШЕВО

# ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; е-маил: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево во постапка за вработување на административен службеник во општинската администрација со јавен оглас бр.375/2026, ја донесе следната

## ОДЛУКА

**За невршење избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас**

1. За работното место со шифра УПР0101Г04000 и назив на работното место- Помлад реферетнт-технички секретар 1 (еден) извршител во Одделение за поддршка на градоначалникот и општи работи, Сектор за поддршка на градоначлникот, општи работи и јавни дејности, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** .
2. Оваа Одлука влегува во сила по нејзина конечност, а ќе се објави на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

## Образложение

Агенцијата за администрација по барање на општина Чешиново-Облешево објави јавен оглас бр.375/2026 на ден 10.06.2026 год., во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер " и „Коха" за потреба од вработување на административен службеник- 1 (еден) извршител на неопределено време на работното место со шифра УПР0101Г04000 и назив на работното место- Помлад реферетнт-технички секретар во Одделение за поддршка на градоначалникот и општи работи, Сектор за поддршка на градоначлникот, општи работи и јавни дејности во општинската администрација на општина Чешиново-Облешево.

Со Решение бр.10-1408/6 од 12.06.2026 година е формирана Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас бр.375/2026. На ден 30.06.2026 година во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе административна селекција, од вкупно пријавени 27 кандидати од кои 19 уредини и 8 неуредни кандидати, од кои 10 (дест) кандидати продолжија во втората фаза и се состави Записник бр.10-1408/7 од 30.06.2026 година. Во втората фаза од јавниот оглас се спроведе испит за административен службеник и се состави Записник бр.10-1408/8 од 22.07..2026 година во кој од уредно поканети 10 (десет) кандидати, 5 (пет) кандидати продолжија во третата фаза на селекција.

Во третата фаза на селекција од спроведената постапка за проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник Комисијата составни Записник бр.10-1408/10 од 27.07.2026 година во кој од 5 (пет) кандидати кои беа уредно поканети не се појавија на закажаниот термин за проверка на веростојноста на документите и интервју.

Врз основа на горенаведеното Комисијата не даде предлог за вработување за работното место по Јавниот оглас бр.375/2026 по што се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**:Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
-архива
-Агенција за администрација

Општина Чешиново-Облешево

Градоначалник
Јорданче Костадинов

Изготвил: Анета Зашов